**Централна кооперативна банка АД Скопје**

*Доверливо*

Број 18- ______________

# ДОГОВОР

за отворање и водење трансакциска сметка за
вршење за работите на платен промет во земјата за правни лица

Денес, __________________, во град __________________ , помеѓу:

**1. Централна кооперативна банка АД Скопје,** со седиште во град Скопје, улица 1732 број 2, со матичен број 4640063, застапувана од Претседателот на Управниот одбор, Неделин Валчев, и членот на Управниот одбор ________________________________, преку полномошник ___________________________________ овластен од Управниот одбор на Банката, **во понатамошниот текст наречена - БАНКА,** од една страна, и

**2.**_______________________________________________________________________________________________
со седиште во __________________ на ул.: ______________________________________________________
со ЕДБ _______________________________________ со ЕМБС _______________________ претставуван од _______________________________________ (во понатамошниот текст наречен - Учесник во платен промет**)**, од друга страна, се склучи следниот договор:

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Банката и Учесникот во платниот промет во врска со отворање, водење и работење со трансакциската сметка број _______________________________ за вршење на платен промет во земјата, согласно со важечките законски прописи и Процедурите за отворање, водење и работење со сметки во платниот промет во земјата, пропишани од страна на Банката.

**Член 2**

Банката врз основа и под услови од овој договор му отвора сметка на Учесникот во платниот промет преку која Учесникот врши плаќања, и тоа: уплата на готови пари на сметка, пренос на средства од една на друга сметка и исплата на готови пари.

**Член 3**

Со потпишувањето на договорот Учесникот во платниот промет ги прифаќа општите услови за отворање и водење трансакциски сметки за вршење на работите на платниот промет во земјата, пропишани од страна на Банката.

Банката го задржува правото да ги менува општите услови, за што мора претходно да го извести Учесникот со нивна објава на интернет-страницата на Банката - www.ccbank.mk. Се смета дека учесникот е известен и ги прифаќа изменетите општи услови, ако во рок од 15 дена од нивното објавување не поднесе барање за раскинување на Договорот и за затворање на сметката.

Учесникот во платниот промет се обврзува дека при извршување на платниот промет ќе го почитува важечкиот термински план за работење на Банката, објавен од Банката.

**Член 4**

Учесникот во платниот промет се обврзува за секоја настаната статусна промена, односно промена на назив на фирмата, промена на седиште, како и промена на овластените лица за располагање со средствата на сметката, писмено да ја извести Банката во рок од 3 дена од денот на настанатите промени. За евентуална штета на Учесникот, настаната заради ненавремено известување од страна на Учесникот, Банката нема да сноси одговорност.

**Член 5**

Учесникот во платниот промет е должен да доставува правилно и точно пополнети платни инструменти. За евентуално настанатата штета по основ на погрешно или неправилно пополнети платни инструменти, Банката нема да сноси одговорност.

**Располагање со средствата на сметката**

**Член 6**

Банката извршува плаќања од сметката на Учесникот во платниот промет до висината на покритието на сметката. Под покритие се подразбира состојбата на сметката од претходниот работен ден, намалена за сите извршени плаќања од сметката заедно со предвидената банкарска провизија до моментот на утврдување на салдото, а зголемена за евидентираните уплати на сметката во тековниот ден и износот на одобрениот, а неискористен рамковен кредит.

Банката може да му одобри на Учесникот во платниот промет рамковен кредит врз основа на посебно склучен договор.

**Извршување платни инструменти**

**Член 7**

Учесникот во платниот промет може да ја овласти Банката да врши плаќања во име и за сметка на Учесникот кон трети лица. Овластувањето се дава во писмена форма пред овластен работник на Банката, или заверено кај нотар, а со назначување на сите потребни елементи за извршувње на плаќањето:

- сметка на товар на која се врши плаќањето,
- износ,
- сметка на налогопримачот,
- датум на извршувањето на плаќањето.

Доколку Учесникот го откажува претходно даденото овластување, или ги менува претходно дадените инструкции, должен е писмено да ја извести Банката во рок од 5 дена пред денот на извршувањето на плаќањето, во спротивно Банката не сноси одговорност за евентуално настаната штета.

**Член 8**

Учесникот во платниот промет ја овластува Банката да ја задолжува неговата сметка по основ на рекламации, доспеани, а неподмирени обврски кон Банката, надоместоци согласно со важечката Тарифа на Банката, како и во останати случаи предвидени со закон.

**Камати, надоместоци и провизии**
**Член 9**

Средствата на сметката на Учесникот во платниот промет се средства по видување со кои Учесникот може да располага во секое време.

Банката пресметува и плаќа камата на средствата на Учесникот согласно со Одлуката за каматни стапки на Банката и така пресметаните камати ги припишува на состојбата на сметката на крајот на пресметковниот период и при затворање на сметката.

**Член 10**

Учесникот во платниот промет се обврзува за извршување на услугите од овој договор и врз основа на овој договор на Банката да и плаќа надомест во висина, во рокови и на начин согласно со Тарифата за надоместоци на услугите што ги врши Банката.

Со потпишување на овој договор, Учесникот во платниот промет ја овластува Банката и и дава неотповиклив налог да ги наплатува надоместоците и трошоците од претходниот став на товар на средствата од неговите сметки отворени во Банката.

**Известување**
**Член 11**

За состојбата и настанатите промени на сметката, Банката се обврзува да го известува Учесникот со доставување извод за промените и состојбата на средствата на сметката, на еден од начините понудени од страна на Банката, а прифатен од страна на Учесникот во платниот промет. Се смета дека Учесникот го прифаќа изводот доколку не го оспори во рок од 3 (три) дена од денот на изготвувањето.

**Член 12**

Банката во согласност со важечките законски прописи, податоците за сметката ги пренесува во Единствениот регистар на трансакциски сметки, кој се води во Клириншката куќа и е единствена база на податоци и евиденција на имателите на сметките во домашниот платен промет, контрола на сметките и обезбедување на податоците.

Договорните страни се обврзуваат дека како доверливи ќе ги чуваат сите документи, податоци и информации за кои добиле сознание во врска со извршување на овој договор, за времетраење на Договорот, како и по негово раскинување или откажување, освен во случаите пропишани со законските прописи или ако строго поинаку не се договорат.

Документите, податоците и информациите за работењето со сметката може да се достават: на барање на Учесникот во платниот промет; на овластен орган во согласност со закон; на трети лица врз основа на писмена согласност од Учесникот во платниот промет.

Заради заштита на своите интереси, Учесникот во платниот промет е должен како доверливи да ги чува сите податоци поврзани со работењето на сметката.

Банката не одговара за каква било штета настаната за Учесникот во платниот промет како резултат на непочитување на обврските од овој член.

Учесникот во платниот промет е согласен Банката да врши обработка и ажурирање на неговите податоци, да ги користи за анализа на неговото работење во Банката, за наплата на долг кон Банката, како и во останати случаи предвидени со закон.

**Раскинување на Договорот**
**Член 13**

Овој договор се склучува на неодредено време. Истиот може да го раскине една од договорните страни со отказен рок од 30 дена.

Учесникот во платниот промет за раскинување на Договорот поднесува писмено барање до Банката.

Учесникот во платниот промет не може да го раскине Договорот во предвидениот отказен рок доколку на сметката има евидентирано достасани, а неподмирени обврски (блокади), како и обврски кон Банката.

Банката може да го раскине Договорот без отказен рок ако утврди дека Учесникот во платниот промет се однесува спротивно на одредбите од овој договор, општите услови за работење и важечките прописи, врз основа на одлука на овластен орган, врз основа на закон или доколку на сметката нема средства, а преку истата не врши платен промет повеќе од две години и за тоа ќе го извести Учесникот.

Во случај на раскинување на Договорот од страна на Банката, Банката ќе ги пренесе средствата од сметката на Учесникот на друга сметка врз основа на инструкции од Учесникот, или согласно со одлука од суд, како и друг надлежен државен орган или друга институција, а доколку во рок од 8 (осум) дена Учесникот не достави инструкции, Банката ќе ги пренесе средствата на сметка по свој избор.

**Завршни одредби**
**Член 14**

Доколку настанат промени во законските прописи со кои се регулира работењето на платниот промет во земјата, Банката ќе ги примени новите прописи кои ќе влезат во сила во времето на важење на овој договор. Доколку таквите промени се несоодветни на деловните интереси на Учесникот во платниот промет , тој има право да го раскине Договорот согласно со условите од овој договор.

Договорните страни се согласни дека како уредна ќе се смета доставата извршена на последната пријавена адреса од страна на Учесникот во платниот промет.

**Член 15**

За сè што не е предвидено со овој договор важат одредбите на законските прописи и актите за деловната политика на Банката.

**Член 16**

Во случај на спор надлежен е Основен суд Скопје 2, во Скопје.

**Член 17**

Договорот е составен во 2 (два) идентични примерока, од кои по еден за секоја договорна страна.

**Член 18**

Договорот е склучен и стапува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**УЧЕСНИК ВО ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ**